предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државата и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривичните дела, заштита на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.

Со оглед на тоа што оспорените одредби се однесуваат на задржувањето на податоци од комуникацискиот сообраќај односно т.н. мета-податоци кои се предмет на уредување и на други закони, при анализата Уставниот суд, освен одредбите од Законот за електронските комуникации, ги имаше предвид и релевантните одредби од Законот за следење на комуникациите и Законот за кривичната постапка.

Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр.71/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/2019 и 154/2023) ги уредува постапката за спроведување посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; условите и постапката за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата, вклучувајќи ги и мета-податоците; надзорот и контролата над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите и обврските на Оперативно-техничката агенција (ОТА).

Во член 4 од овој закон во кој се дадени дефинициите на поимите, во точка 3 е определено дека „следење на комуникациите" претставува тајно дознавање на содржината на која и да е комуникација и истовремено создавање технички запис за содржината на комуникацијата, со можност да се репродуцира; во точка 4 е дефинирано дека „посебна истражна мерка" е следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; во точка 5 се определени мерките за следење на комуникациите, каде што спаѓаат посебната истражна мерка и мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата; следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации; следење и снимање во внатрешноста на објекти, затворени простори и предмети и влез во тие објекти, затворени простории и предмети, заради создавање услови за спроведување на мерката; следење и светлосно снимање на лица на отворен простор и на јавни места; следење и тонско снимање на содржината на комуникациите на лица на отворен простор и на јавни места; во точка 12 е определено дека „мета-податоци" се податоци кои операторот ги задржува согласно со Законот за електронските комуникации.

Мета-податоците во Законот за следење на комуникациите се уредени во глава III со наслов „Услови и постапка за спроведување на мерки за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата", во посебна точка 2 со наслов „Мета-податоци" во која се содржани само две одредби - член 32 со кој слично како и оспорените одредби од Законот за електронски комуникации, се утврдува обврска операторите да достават мета-податоци на барање од овластените органи, а за потребите на безбедноста и одбраната; и одредбата од член 33 според која барање за собирање на податоците од член 32 до операторот поднесува овластено лице од органот, за што се известува Јавниот обвинител на Република Македонија кој ја цени оправданоста на бараните податоци во рок не подолг од 48 часа. Доколку Јавниот обвинител не ја потврди оправданоста на податоците, органот е должен веднаш да го прекине користењето на податоците и истите да ги уништи во соодветна постапка.

Одредба за мета-податоците е содржана и во член 287 став 8 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018), според која на барање на јавниот обвинител операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги се должни да достават мета-податоци кои операторот ги задржува согласно со Законот за електронските комуникации. Но, и во член 252 од ЗКП кој утврдува посебните истражни мерки, како посебна истражна мерка во точка 6 е предвиден „увид во остварени телефонски и други електронски комуникации", но содржината на мерката не е посебно уредена, така што останува нејасно дали оваа одредба се однесува на мета-податоците.

Законот за електронските комуникации, во кој се содржани оспорените одредби не го користи терминот „мета-податоци", туку користи неколку различни термини. Во оспорената одредба од член 176 се користи терминот „податоци за електронските комуникации", во оспорениот член 178 се користи терминот „податоци што се задржуваат", во членот 169 се користи терминот „податоци за комуникациски сообраќај", а во член 3 став 1 точка 53 во кој се дадени дефинициите на употребените термини се укажува дека податоци, во смисла на одредбите од членовите 176, 177 и 178 од овој закон, се податоците за сообраќај и податоците за локација, како и податоците поврзани со истите кои се неопходни за да се идентификува претплатник или корисник на електронска комуникациска услуга.

Оспорените членови 175, 176, 177 и 178 се дел од глава осумнаесетта со наслов „Безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и заштита на личните податоци". Освен оспорените одредби, релевантни и во врска со нив, се и следните одредби од членовите 168 и 169.

Член 168 се однесува на доверливоста на комуникациите. Во ставот 1 е определено дека доверливоста на комуникациите се однесува на а) содржината на комуникациите и б) податоците за комуникациски сообраќај и податоците за локација. Согласно ставот 2 на истиот член, забранети се сите форми на слушање, следење, чување, снимање, задржување или секој друг облик на пресретнување или надзор над комуникациите од ставот 1 на овој член, без добиена согласност од корисниците за кои се работи, освен во случаите утврдени во член 176 од овој закон и Законот за следење на комуникациите.

Согласно член 169 (со наслов Податоци за комуникациски сообраќај), податоците за комуникациски сообраќај кои се однесуваат на

претплатниците и корисниците на услуги што се обработени и чувани од операторот мораат да се избришат или да се направат анонимни тогаш кога веќе нема да бидат потребни за пренос на комуникација, освен во случаите од ставовите 3 и 5 на овој член и од член 176 од овој закон и Законот за следење на комуникациите.

Од содржината на Амандманот XIX на Уставот на Република Северна Македонија, произлегува дека неповредливоста на комуникациите не е апсолутна. Имено, покрај гаранцијата на слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, уставотворецот истовремено ги утврдил и условите и околностите под кои можат да бидат ограничени овие уставни права. Притоа е пропишано дека само со одлука на суд може да се отстапи од неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, кога тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Истовремено Уставот препуштил отстапувањето од ова право, да биде предмет на законска материја (под услови и постапка утврдени со закон донесен со квалификувано мнозинство на гласови).

Од содржината на член 8 од Европската конвенција за човекови права, произлегува дека и според меѓународното право за човекови права, правото на приватност не е неограничено, односно дека јавната власт може да

се меша во остварувањето на ова право под услови определени со закон, заради остварување на определени цели од јавен интерес како што се државната и јавната безбедност, заштитата на поредокот и спречување на кривични дела, заштитата на правата и слободите на другите итн. Токму од аспект на овој член кој ја заштитува приватноста, домот и преписката, Европскиот суд за човекови права го рзгледува и прашањето за следењето на комуникациите, вклучително и прашањето за задржувањето на мета-податоците.

Европскиот суд во својата судска практика укажал дека следењето на комуникациите може да биде оправдано врз основа на овој член смо доколку е „во согласност со закон", во функција на една или повеќе „легитимни цели" и доколку е „неопходно во демократското општество„ заради остварување на тие цели (Roman Zakharov v. Russia (GC), Szabo and Vissy v. Hungary, Kennedy v. the UK). Мерките за следење мора да имаат основа во домашното право и да бидат во согласност со владеењето на правото, при што домашниот закон мора да ги исполнува условите на квалитет на законот, односно да биде достапен за засегнатите лица и предвидлив во однос на неговите ефекти. Со цел да се избегне арбитрарното мешање во приватноста преку следење на комуникациите, основно е да постојат јасни и детални правила за следење на комуникациите, така што граѓаните да можат да имаат соодветни индикации за околностите и условите под кои јавните власти можат да применат мерки на следење (Association for European Integration and Human Rights and Ekimdzhiev v. Bulgaria).

Во врска со мета-податоците што се предмет на оспорените одредби, Европскиот суд за човекови права укажал дека дознавањето на податоците за комуникацијата, подеднакво како и дознавањето на содржината на комуникацијата претставува недозволено навлегување во приватноста на комуникациите секогаш кога применaта на мерката следење на комуникациите не се заснова на исклучително прецизно уредена правна рамка. Во поновата судска практика Европскиот суд за човекови права укажал дека собирањето на комуникациски податоци не е помалку инвазивно во однос на собирањето на податоци за содржината на комуникацијата. Така во пресудата на Големиот совет од 25.05.2021, по предметот Big Brother Watch and Others v. the United Kingdom (апликации бр. 58170/13, 62322/14 и 24960/15) Европскиот суд за човекови права укажал дека „.....во моментов има многу поголем обем на комуникациски податоци достапни за секој поединец, споредено со податоци за содржината, бидејќи секое парче содржина е опкружено со повеќе комуникациски податоци. Иако содржината може да биде шифрирана и да не може да открие нешто важно за испраќачот или примачот, поврзаните комуникациски податоци би можеле да откријат многу лични информации, како на пр. идентитетот на лицата и географска локација на испраќачот и примачот и опремата преку која се пренесувала комуникацијата. Уште повеќе, какво било вмешување предизвикано од прибавување на комуникациските податоци ќе биде уште поинтензивно во случај кога тие податоци се добиваат во голем обем, бидејќи тогаш тие можат да бидат анализирани, така што е можно да се наслика интимна слика на лицето преку мапирање на социјалните мрежи, следење на локацијата, следење на интернет пребарувањата, мапирање на шеми на комуникација и увид за тоа со кого тоа лице имало интеракција".

Во случајот Ekimdzhiev and Others v. Bulgaria (апликација бр. 70078/12, пресуда од 11 јануари 2022) Европскиот суд за човекови права укажал дека податоците на претплатниците на телекомуникациските услуги, податоците кои се однесуваат на податоците за сообраќајот и локацијата, земени одделно или комбинирани, го засегаат приватниот живот на заинтересираните страни и дека задржувањето на овој вид на податоци без знаење на заинтересираната страна, исто така, претставува мешање во остварувањето на правото на почитување на кореспонденцијата на лицето. Уште повеќе, Судот утврдил дека пристапот на надлежните органи до вака складираните податоци претставува дополнително мешање во остварувањето од страна на субјектот на податоците на нивните права заштитени со член 8 од Конвенцијата. Судот утврдил повреда на член 8 од Конвенцијата во поглед на задржувањето и пристапот до податоците од следените комуникации бидејќи бугарското законодавство не го исполнувало условот за квалитет на законот и не го ограничило задржувањето и пристапот до податоците само на она што било неопходно. Во оваа пресуда, Судот нагласил дека согласно член 46 од Конвенцијата (задолжителна сила и извршување на пресудите) Државата треба да ги направи неопходните измени на домашното право за да прекине повредата на правата.

Во случајот Pietrzak and Bychawska-Siniarska and Others v. Poland (апликации бр.72038/17 и 25237/18, пресуда од 28 мај 2024), Европскиот суд за човекови права укажал дека „вмешувањето што произлегува од обврската на провајдерите да ги задржуваат податоците за комуникациите е мошне сериозно. Оваа мерка со право може кај засегнатите лица да создаде чувство на ранливост и изложеност на надзор и контрола од страна на трети лица; тоа исто така може да има негативно влијание врз ефикасното уживање на нивните основни права, вклучително и правото на почитување на нивниот приватен живот и кореспонденција и правото да остваруваат врски со други лица". Судот оценил дека полското законодавство според кое сервисните провајдери биле должни да ги задржуваат, за период од 12 месеци, податоците за комуникациите на општ и неселективен начин за можна употреба во иднина од страна на националните власти, не обезбедува гаранции за да се смета дека вмешувањето во правото на почитување на приватниот живот на апликантите било „неопходно во демократско општество", поради што утврдил повреда на член 8 од Конвенцијата.

Во претходна постапка Уставниот суд побара мислење од Собранието и од Владата на Република Северна Македонија. Собранието не даде мислење, но го достави Предлог-законот, од каде може да се утврди дека со оспорените одредби од Законот за електронски комуникации се врши транспонирање на Директивата 2006/24/ЕС позната како Директива за задржување на податоци, што била донесена во 2006 година во рамките на Европската Унија. Оваа директива ги обврзувала телекомуникациските провајдери да ги задржуваат телекомуникациските податоци како што се податоците за претплатникот, за телекомуникацискиот сообраќај, податоците за локациите, во период од 6 месеци до две години од денот на комуникацијата, со цел борба против тероризмот и организираниот криминал.

Во мислењето што го достави до Уставниот суд, Владата како предлагач на оспорениот закон исто така укажува дека со оспорените одредби се имплементираат неколку директиви на Европскиот парламент и на Советот од областа на електронските комуникации, меѓу кои и на Директивата на ЕУ за задржување на податоците од 2006 година, со кои се предвидува можност за задржување на податоците поради можноста електронските комуникации да се употребат како важна алатка од аспект на превенција, истрага, откривање и гонење на кривични дела, особено при организиран криминал. Според мислењето на Владата, оспорените членови од Законот за електронски комуникации претставуваат стручно-технички норми преку кои се овозможува операционализација на законите со кои се уредува начинот и постапката за следење на комуникациите и дека со нивното

евентуално укинување или поништување би се создала правна празнина во однос на опремата и условите што треба да ги обезбедат операторите со цел надлежните органи да ги применуваат посебните истражни мерки при гонењето на сторителите на кривични дела и водењето на кривична постапка. Поради наведените причини Владата смета дека оспорените одредби од Законот за електронски комуникации се почитуваат членовите 17 и 18 од Уставот и предлага Уставниот суд да не поведе постапка за оценување на нивната уставност.

Директивата 2006/24/ЕС позната како Директива за задржување на податоци на којашто се укажува во мислењето на Владата и во Предлог-законот, во 2014 година била поништена од страна на Европскиот суд на правдата. Во пресудата во случаите Digital Rights Ireland Ltd. v. Minister for Communications, Marine and Natural Resources and Others and Kärntner Landesregierung and Others, (споени предмети C 293/12 and C 594/12) Европскиот суд на правдата укажал дека борбата против сериозните форми на кривични дела е од најголемо значење за да се обезбеди јавната сигурност и дека нејзината ефикасност во голема мерка зависи од користењето на модерни истражни техники. Но, таа цел од општ интерес, независно од тоа колку е значајна и фундаментална, не го оправдува задржувањето на податоците на начин како што е пропишан во Директивата 2006/24 кој не може да се смета дека е неопходен за целите на таа борба. Како недостатоци на Директивата, Европскиот суд на правдата посебно ги нотирал следниве: непостоење на јасни и прецизни правила за опфатот и примената на мерката задржување на податоците, непостоење на минимални гаранции за заштита на правата и личните податоци на лицата чии податоци се задржуваат, недоволни гаранции за заштита од злоупотреба со незаконски пристап и незаконско користење на тие податоци, општо и неселективно задржување на податоците на сите претплатници со што се засегнати основните права на практично целокупното население во Европа без каква и да било диференцијација, ограничувања или исклучоци, отсуство на одредби врз основа на кои периодот на задржување би се утврдувал врз основа на објективни критериуми и би бил ограничен на онолку колку што е строго неопходно.

Од содржината на оспорените одредби од членовите 176,177 и 178 од Законот за електронски комуникации, произлегува дека со нив законодавецот создал обврска за давателите на телекомуникациски услуги – операторите неселективно да задржуваат податоци за телекомуникацискиот сообраќај на корисниците на мобилната и фиксна телефонија и интернет. Станува збор за т.н. мета-податоци коишто податоци операторите треба да ги обезбедат на свој трошок и со сопствени технички средства, истите да ги задржуваат во период од 12 месеци и на барање на овластените органи да им ги достават на надлежните органи под услови и постапка утврдени со закон. Операторите се должни да преземат мерки за заштита и безбедност на податоците, за да се спречи неовластено пристапување до нив, а по истекот на периодот на задржување од 12 месеци истите да ги уништат. Операторите не смеат да ги задржуваат податоците што ја откриваат содржината на комуникацијата.

Од природата на податоците што се задржуваат може да се заклучи дека станува збор за технички податоци од кои може да се утврди меѓу кои лица е воспоставена комуникацијата, формата на комуникацијата (мобилна, фиксна телефонија, интернет, електронска пошта итн), точното време и место на комуникацијата, уредите меѓу кои е воспоставена комуникацијата. Со оглед на тоа што меѓу податоците што се задржуваат се и податоците за повикувачките и повиканите телефонски броеви, името и адресата на претплатникот односно корисникот, произлегува дека преку овие податоци лесно може да се идентификува лицето, односно лицата помеѓу кои е воспоставена комуникацијата, а со нивна анализа да се дојде до мошне прецизни заклучоци за приватниот живот на лицата вклучително местото на живеење, дневни активности и навики, податоци за нивното движење, кругот на лица со кои се остваруваат контакти и сл.

Оттука, за Уставниот суд е неспорно дека задржувањето на податоците за телекомуникацискиот сообраќај претставува навлегување во приватниот живот на поединците, односно граѓаните којшто ужива заштита согласно член 25, Амандман XIX од Уставот како и на правото на сигурност и тајност на личните податоци од член 18 од Уставот. При тоа таквото вмешување во приватната сфера на граѓаните е обемно и масовно, со оглед на тоа што задржувањето на податоците е неселективно и се однесува практично на целиот телефонски и интернет сообраќај на секој претплатник, односно корисник на фиксна, мобилна телефонија и интернет и се однесува на период од 12 месеци, колку што е законски утврдениот рок за задржување на податоци.

Токму поради ваквиот потенцијал на мета-податоците да навлезат во уставно гарантираната приватност на граѓаните, Уставниот суд укажува дека е потребно законските одредби за задржување на податоците да бидат јасни и прецизни за да не оставаат простор за интерпретација во нивната примена, особено во делот на пристапот кон задржаните податоци каде се потребни посебни гаранции во поглед на тоа кој може да пристапи до податоците, во кои случаи и во каква постапка, како и прашањето за бришење на податоците и правото на правна заштита на поединецот кон чии мета-податоци било пристапено.

Критериумот за јасност и прецизност на правните норми од сферата на следењето на комуникациите Уставниот суд го има веќе утврдено во досегашната уставно-судска практика. Имено, во Одлуката У.бр.139/2010 од 15 декември 2010 година, Уставниот суд поништувајќи неколку одредби од тогаш важечкиот Закон за електронски комуникации, укажал дека не само можноста за дознавање на содржината на комуникацијата, туку и доставувањето на податоци за комуникацијата (време на комуникацијата, место на комуникацијата, претплатнички број и слично, без содржина на комуникацијата) до надлежните државни органи за потребите на откривање, гонење на сторители на кривични дела и водење на кривична постапка, според ефектите што можат да ги имаат по однос на уставно гарантираната приватност на граѓаните, содржат во себе опасност од неуставно и неовластено навлегување во приватноста, особено во случаите кога се темелат на законски одредби што не се прецизни, подлежат на импровизации или интерпретации и дека законската регулатива која се однесува на примена на мерките за следење на комуникациите. Судот во наведената Одлука посебно нагласил дека „законската регулатива која се однесува на примена на мерките за следење на комуникациите треба да содржи кристално јасна престава за околностите и условите под кои јавната власт е овластена да прибегне кон употреба на ваква мерка, начинот на кој се прави следењето, случаите во кои следењето на комуникациите има своја оправданост, органот кој дава наредба за следење на комуникациите. Сето останато оди во правец на неограничена моќ и е во спротивност со принципот на владеењето на правото“.

Анализата на важечката законска рамка за задржување на податоците во целина (не само во однос на сега оспорените одредби од Законот за електронски комуникации), според оценката на Судот, не ги задоволува наведените критериуми на јасност и прецизност од повеќе причини. Имено, како што е наведено погоре, одредби за задржување на податоците освен во оспорените од-

редби од Законот за електронски комуникации, се содржани и во Законот за следење на комуникациите и во Законот за кривичната постапка, но овие три закони меѓусебно не се усогласени ниту терминолошки, ниту пак суштински.

Имено, од Амандманот XIX со кој е заменет член 17 од Уставот, јасно произлегува дека отстапувањето од неповредливоста на комуникациите е можно само врз основа на одлука на суд. Но, оспорениот член 176 од Законот за електронски комуникации, во ставот 3 предвидува обврска на операторите податоците на барање да им ги достават на надлежните органи под услови и постапка утврдени со закон, без притоа да предвиди дека пристапот до задржаните податоци може да се овозможи само доколку постои судска одлука за тоа. Судот смета дека упатувањето на друг закон во оспорената одредба не е доволно, од причина што и Законот кој би требало да ги уреди условите и постапката не содржи доволно гаранции како што тоа го предвидува уставниот Амандман XIX. Имено, Законот за следење на комуникациите во одредбата од член 32 повторно само ја утврдува обврската на операторите да доставуваат мета-податоци за потребите на безбедноста и одбраната, но ниту овој закон не го пропишува како услов постоењето на судска одлука врз основа на која единствено би бил можен пристапот, односно обработката и користење на задржаните податоци. Оттука, непредвидувањето на тој услов во оспорената одредба од член 176 од Законот за електронски комуникации е доволна причина да се изрази сомневање за согласноста на оваа одредба со одредбите од Амандманот XIX на Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, одредбата од Амандманот XIX од Уставот јасно го определува квалификативот на неопходност (....„ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела.......) како предуслов за да се отстапи од уставната гаранција за слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Но, во оспорените одредби од Законот недостасува таков квалификатив со кој би се обезбедило ограничувањето на слободата на комуникациите да се врши само кога тоа е навистина потребно заради остварување на уставно дозволените цели – откривање на кривични дела и заштита на безбедноста на државата, односно кога не постојат други методи и средства кои се помалку инвазивни по однос на приватноста на засегнатите лица. Наместо тоа, оспорените одредби утврдуваат општа обврска за задржување на податоците на неограничен број на лица и на целокупната електронска комуникација на сите корисници, без оглед на тоа дали тие се или не се поврзани со истраги за сторени кривични дела. Оттука се поставува прашањето дали овие мерки се навистина неопходни и пропорционални заради остварување на легитимната цел – заштита на безбедноста и борбата против сериозните облици на криминал.

За да го испочитува уставното барање за неопходност од Амандманот XIX, законодавецот морал во одредбите од Законот за електронски комуникации да утврди дека задржувањето на податоците и пристапот до нив ќе се врши кога тоа е неопходно за спречување и гонење на најтешките кривични дела, кога не постојат други можности и начини за прибавување на докази кои би биле поблаги и со кои во помала мерка би се навлегувало во уставно загарантираното право на слобода на комуникациите.

Наместо тоа, врз основа на оспорените одредби од Законот за електронски комуникации се врши општо и неселективно задржување на податоците за телекомуникацискиот сообраќај на секој корисник на телефон или интернет, со цел во иднина, доколку е потребно (пр. доколку некое лице е осомничено или обвинето за сторено кривично дело или доколку се утврди некаква опасност по обезбедноста и одбраната на земјата) истите да можат да се анализираат во постапката. Но, огромното мнозинство на лица, граѓани за кои се собираат и задржуваат податоци практично никогаш нема да бидат осомничени, обвинети ниту на друг начин поврзани со какви и да било форми на криминално однесување, ниту пак инволвирани во дејствија или ситуации што можат да претставуваат загрозување на безбедноста или одбраната на земјата. Поради тоа, освен природата и тежината на кривичните дела за кои може да се пристапи кон задржаните податоци за да се обезбеди условот на неопходност, потребно е законските одредби на јасен начин да го ограничат пристапот само за оние лица за кои постојат фактички индикации дека планираат или извршиле сериозни кривични дела. Непредвидувањето на овие ограничувачки услови за пристап до задржаните податоци значи дека е оставен широк простор за слободно толкување и арбитрарна примена на законот што создава опасност од злоупотреба на задржаните податоци за други потреби, а не за остварување на легитимните цели утврдени со Уставот.

Оспорената одредба од член 178 во ставот 5 предвидува дека операторите се должни да ги задржат податоците за период од 12 месеци од датумот на извршената комуникација, а во член 177 став 1 точка 4 е предвидено уништување на податоците по истекот на период за нивно задржување, со исклучок на оние до кои било пристапено и биле зачувани. Тоа значи дека за податоци за електронските комуникации на претплатниците кои се задржани кај операторите и до кои надлежните органи пристапиле, не постои временско ограничување за нивното чување кај операторот.

За да биде во согласност со принципот на владеењето на правото и принципот на пропорционалност и сразмерност на ограничувањеата на човековите права како негов составен дел, законската рамка за мета-податоците мора да предвиди прецизни рокови за чување на задржаните податоци до кои е пристапено по истекот на кој операторите ќе бидат должни истите да ги избришат. Исто така, би требало јасно да се предвиди обврска за бришење на податоците во случај кога ќе се утврди дека задржаните податоци не се од значење за целите поради кои кон нив се пристапило. Оваа ситуација на практично неограничено чување на податоците, за кои можеби повеќе и не постои потреба да бидат користени и анализирани, е непропорционална и создава опасност од злоупотреба на податоците што е спротивно на Амандман XIX и на член 18 од Уставот кој ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци.

Понатаму, член 18 од Уставот во ставот 2 гарантира заштита на граѓанинот од повреда на личниот интегритет што произлегува од обработката на податоците. Меѓутоа, во ниту една од оспорените одредби од Законот за електронски податоци не е предвидена можност за информирање на лицето во однос на чии податоци се пристапило и коишто биле предмет на анализа. Оттука, иако во Законот за следење на комуникациите, во член 6 е предвидено право на надоместок на штета во судска постапка во случај на незаконито следење на комуникациите, се поставува прашањето како воопшто граѓанинот ќе може да побара судска заштита, ако претходно не дознал, односно ако не бил претходно информиран дека бил предмет на следење, за што отсуствуваат одредби во Законот. За Уставниот суд е проблематично и прашањето дали воопшто одредбата од член 6 од Законот за следење на комуникациите би можела да се примени на мета-податоците бидејќи задржувањето и пристапувањето кон овие податоци во Законот за следење на комуникациите воопшто не е препознаено, односно утврдено како една од формите на следење на комуникациите и не е содржано во дефиницијата за „следење на комуникациите“.

Врз основа на сето наведено, Судот изрази сомнеж дека задржувањето на податоците за електронските комуникации на граѓаните претставува сериозно навлегување во уставно загарантираните права на почитување на приватниот живот, непровредливоста на комуникациите и правото на заштита на сигурноста и тајноста на личните податоци со кое се засегнати голем број на граѓани, практично целото население што користи телефонски уреди односно интернет. Истовремено законската рамка во оспорените одредби од Законот за електронските комуникации не содржи јасни, прецизни и детални правила со кои ќе се обезбеди таквото навлегување во приватноста да биде ограничено само на она што е неопходно за да се оствари целта на задржувањето на податоците. Од тука може да се заклучи дека оспорените одредби од членовите 176, 177 и 178 од Законот непропорционално навлегуваат во правото на почитување на приватниот живот, непровредливоста на комуникациите и правото на заштита на сигурноста и тајноста на личните податоци кои се гарантирани со Уставот, поради што Уставниот суд основано го постави прашањето на нивната согласност со темелната вредност на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 - владеењето на правото како и правната сигурност како негов составен елемент, правото на слобода и неповредливост на сите облици на комуникација од Амандман XIX, правото на сигурност и тајност на личните податоци од член 18 и правото на заштита на приватноста од член 25 од Уставот.

Според член 38 алинеја 3 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија бр.115/2024) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Во врска со оспорениот член 175 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015), Судот утврди дека со член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/2018), и со започнувањето на примената на новиот Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2018), оспорениот член 175 е бришан, така што тој не е повеќе во правниот поредок сметано од 1 ноември 2018 година, со што се исполнети условите за отфрлање на тој дел од иницијативата согласно член 38 алинеја 3 од Актот на Уставниот суд поради постоење процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Во член 36 став 2 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија бр.115/2024) е предвидено дека во случаите од став 1 на овој член, Судот по своја оцена може на доносителите на актите да им определи рок не подолг од шест месеци за измена и/или дополнување на актот во согласност со ставовите на Судот изразени во решението.

При поведувањето постапка за оценување на уставноста на оспорените членови 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации, Судот го имаше предвид фактот на кој се укажува во Предлог-законот и во мислењето што го достави Владата на Република Северна Македонија, дека задржувањето на податоците за комуникацискиот сообраќај претставува значајно средство за заштита на националната безбедност и за потребите на водење на кривичната постапка против сторители на кривични дела. Без задржување на податоци голем број на сторители на кривични дела никогаш не би биле откриени, особено оние што се поврзани со тешките форми на криминалитет, тероризам и организираниот криминал. Судот е свесен дека задржувањето на податоците за телефонските и интернет комуникациите претставува неопходно средство на органите за прогонот заради откривање и гонење на сторителите на кривични дела и заради заштита на безбедноста на државата и на граѓаните. Токму од тие причини, со цел органите на прогонот да не бидат лишени од оваа алатка за борба против криминалитетот од една страна, а граѓаните да бидат заштитени од прекумерното, непропорционално и неселективно навлегување во нивните уставно заштитени права на приватност и слобода на комуникациите, Уставниот суд одлучи да го примени член 36 став 2 од Актот на Уставниот суд и да му определи на Собранието на Република Северна Македонија рок од шест месеци за измена и/или дополнување на Законот за електронските комуникации согласно ставовите на Судот изнесени погоре.

IV

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 137/2017
25 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

---

**3695.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, член 73 и член 79 ств 2 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 115/2024), на седницата одржана на 25 септември 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022).

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

О б р а з л о ж е н и е

I

Оливер Давидовски од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија, поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точката 1 од Решението.

Во иницијативата се наведува дека член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот за административни службеници, е спротивен на начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен елемент.

Причините за неуставноста на членот од Законот подносителот ги образложува со наводи дека неоправданото отсуство од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец и неоправданото отсуство од работа најмалку пет работни дена во текот на една календарска година од член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, не можат да се подведат како причини за престанок на работниот однос по сила на закон со едноставно констатирање за нивното постоење, како што е случај со престанокот на работниот однос по сила на

закон предвиден во останатите алинеи на член 98 став 5 од Законот, каде органот кој го носи решението на декларативен начин го утврдува настапувањето на објективните услови по сила на закон, и истите не подлежат на никакво понатамошно преиспитување или преоценување, бидејќи нивното постоење не е спорно за органот, што не може да биде случај кога станува збор за престанок на работниот однос по основите наведени во оспорените алинеи 7 и 10 на член 98 став 5 од Законот.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека терминот „оправдано", односно „неоправдано" отсуство од работа, само по себе е фактичко прашање, секогаш од спорна природа, кое не може однапред по сила на закон, едноставно да се констатира, бидејќи не е објективна претпоставка којашто неминовно постои, туку неговото постоење секогаш треба посебно да се утврди од случај до случај (дали навистина постоело отсуство, колку долго траело, бројот на денови во кои постоело отсуство и за кои од нив постоело оправдано, а за кои неоправдано отсуство).

Во иницијативата подносителот укажува како треба да се постапува за вакви фактички прашања, односно дека тие треба посебно да се претресат, по потреба да се изврши увид во посебна документација, да се сослушаат сведоци и слично, но и да му се даде можност на лицето да се произнесе по однос на овие претпоставки, сè со цел да се утврди фактичката состојба на која би се темелело решението за престанок на работниот однос по сила на закон. Наведува и дека Законот не дава никакво објаснување што претставува неоправдано отсуство, на кој начин тоа се утврдува, кога се утврдува, дали на крајот на секоја календарска година (особено неоправданоста на оние пет дена во текот на една година), и кој воопшто ја утврдува неоправданоста на отсуствата, дали е потребно да постои некаков предлог за поведување/иницирање на некаква постапка којашто ќе резултира со донесување на ваков вид на решение, дали ќе му се даде можност на административниот службеник да се запознае, а следствено на тоа и да се произнесе по однос на ова прашање, пред да биде донесено решението, па од наведените причини смета дека оспорените одредби содржани во член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, не се јасни, а со тоа и дека постои можност од различно нивно толкување и арбитрарност во постапувањето, што го доведува во прашање начелото на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните.

За подносителот не е спорно дека административниот службеник согласно Законот за административни службеници е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место и дека за повреда на службената должност одговара дисциплински, за што во Законот се утврдени видовите на дисциплинска одговорност (дисциплинска неуредност и дисциплински престап), чии постапки се подетално елаборирани во Законот, но поставува прашање дали местото на овие две правни претпоставки треба да биде токму во законската одредба од член 98 став 5 од Законот, којашто ги регулира ситуациите на престанок на работниот однос по сила на закон, или пак да бидат поместени во член 98 став 1 алинеја 4 од Законот којшто предвидува дека работниот однос на административниот службеник му престанува и во други случаи утврдени со овој и друг закон или колективен договор. Според подносителот, содржините на оспорените алинеи 7 и 10 на член 98 став 5 од Законот, претставуваат други случаи коишто доведуваат до престанок на работниот однос на административниот службеник, како што било предвидено во Законот за државните службеници каде во посебна одредба, надвор од одредбата којашто предвидувала престанок на работниот однос по сила на закон, била уредена содржината на сега оспорената алинеја 7 на член 98 став 5 од Законот за административни службеници. Наведува и дека уште повеќе е загрижувачко што законодавецот ја сместил оспорената алинеја 10 на член 98 став 5 од Законот, ни повеќе ни помалку во основите за престанок на работниот однос по сила на закон, при што останува уште понејасно кој и кога би го утврдил неоправданото отсуство од пет работни дена во текот на една календарска година, и кој и на каков начин, на таквото отсуство би му дал квалификација на неоправдано отсуство и во каква постапка.

На крајот, подносителот уште еднаш нагласува дека на одредбите содржани во оспорените алинеи 7 и 10 на членот од Законот, не им е местото во делот на одредбите за престанок на работниот однос по сила на закон и дека за утврдување на постоење или непостоење на овие правни претпоставки, односно фактички прашања, неминовно е да претходи посебна постапка за утврдување на спорните факти – оправданост или неоправданост на самиот изостанок, како и должината на времетраењето на тој изостанок, односно нивното утврдување да произлезе од една целосно спроведена постапка на (пре)испитување, а никако единствено по сила на закон, каде што не е јасно кој и на каков начин ќе го утврдува постоењето или непостоењето на спорните правни претпоставки и дали тоа нема да остави сомнеж на различно толкување и постапување.

Во иницијативата, покрај член 8 став 1 алинеја 3 (владеење на правото) од Уставот, подносителот ги цитира и уставните одредби од член 32 (право на работа и права од работен однос) и член 34 (право на социјална сигурност и социјално осигурување) без да ги наведе причините за спротивноста на оспорениот член од Законот со овие уставни одредби, а го цитира и член 51 (согласност на законите со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите и должност на секој да ги почитува Уставот и законите), со барање Уставниот суд да поведе постапка со која ќе се укинат оспорените алинеи на членот од Законот, а до донесување на конечната одлука, Судот да ја преиспита потребата од донесување на решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија преземени врз основа на истите.

II

На седницата Судот утврди дека според член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) на административниот службеник му престанува работниот однос по сила на закон, ако неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец (алинеја 7) и ако неоправдано отсуствува од работа најмалку пет работни дена во текот на една календарска година (алинеја 10).

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Со член 32 од Уставот е утврдено дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Случаите на престанок на работниот однос на административниот службеник по сила на закон се предвидени во член 98 став 5 алинеи од 1 до 12 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и според овој член на административниот службеник му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три работни дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку пет работни дена во текот на една календарска година,
- органот на државната управа надлежен за инспекциски надзор во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и
- други услови согласно со овој закон и посебните закони.

Со иницијативата се оспоруваат алинеите 7 и 10 на член 98 став 5 од Законот, за кои подносителот смета дека се недоволно јасни норми поради нивната недоуреденост во Законот за административни службеници со што не се знаело кој и на каков начин би го утврдил отсуството и кој би му дал квалификација на неоправдано отсуство, што оставало сомнеж за нивно различно толкување и постапување, спротивно на уставниот принцип на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните.

Судот ги имаше предвид ваквите наводи од иницијативата како и изнесените причини за неуставноста на оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, но од аспект на истите, според Судот, не може основано да се покрене прашањето за нивната согласност со одредбите на Уставот, поради следното:

Според член 4 став 5 од Законот за административни службеници, за прашањата коишто се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023) е општ (генерален) пропис од сферата на работните односи.

Во член 3 став 1 од Законот за работните односи, се пропишува дека овој закон ги уредува и работните односи на работниците вработени во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, установите, јавните претпријатија, заводите, фондовите, организациите и други правни и физички лица кои вработуваат работници, доколку со друг закон поинаку не е определено. Според член 3 став 2 од наведениот закон, работниот однос може да престане само на начин и под услови утврдени со закон и колективен договор, а според член 3 став 3 од Законот, во работниот однос секоја од страните е должна да ги исполнува пропишаните и договорените права, обврски и одговорности.

Законот за работните односи во член 82 став 1 точка 1) (откажување на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски без отказен рок) уредува дека работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој или друг закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување, а особено ако работникот неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година.

Исто така и според Законот за административни службеници, доколку административниот службеник неоправдано отсуства најмалку три работни дена последователно во еден месец и најмалку пет работни дена во текот на една календарска година, тоа според оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, повлекува престанок на работниот однос по сила на закон, што значи по автоматизам, без отказен рок.

Со член 32 став 5 од Уставот, е утврдено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Согласно уставното овластување на законодавецот да донесува закони, законодавецот има право со закон да ги уредува правата од работен однос за вработените, вклучително и нивните обврски, работни должности и одговорности.

Согласно со закон и колективен договор, вработените имаат право да користат отсуства од работа по различни основи, но и обврска отсуствата да ги користат на начин и во обем предвиден со закон и со колективен договор. Воедно, должност е на вработениот за секоја спреченост за доаѓање на работа да го извести работодавачот за причините за отсуството од работа, вклучително и да приложи соодветна документација со која ќе го оправда своето отсуство од работа за деновите во коишто отсуствувал.

Член 116 ставови 6, 7 и 8 од Законот за работните односи уредува: (6) Работодавачот е должен да води евиденција за полното работно време. (7) Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа. (8) Работодавачот кој има до 25 вработени е должен да води евидентен лист за присуство на работа на работниците со наведување на податоци за почетокот и завршетокот на работното време.

Согласно со член 36 (должност за известување за отсуство од работа) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/2019 и 14/2020) (1) Вработените во јавниот сектор се должни да го почитуваат работното време на работодавачот. (2) Во случај на спреченост за доаѓање на работа, вработените се должни да го известат непосредно претпоставениот, односно раководното лице на институцијата до истекот на дневното работното време на работодавачот. (3) По исклучок од ставот (1) на овој член кога спреченоста за доаѓање на работа е настаната од виша сила, известувањето за спреченост за доаѓање на работа, вработените се должни да го доставаат веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

Според член 41 (престанок на работен однос) од Законот за вработените во јавниот сектор, на вработените во јавниот сектор работниот однос им престанува со спогодба, по нивно барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со закон и/или колективен договор.

Од содржината на оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот за административни службеници, произлегува дека оспорените алинеи јасно упатуваат на претходно веќе утврдена состојба на отсуства, непоткрепени со соодветна документација или докази со кои тие би се оправдале, што е обврска на административниот службеник, како што е обврска на работодавачот да води евиденција за присуството на работа за своите вработени, што подразбира и евиденција за нивните отсуства. Во конкретниот случај, како посебна причина за престанок на работниот однос по сила на закон, законодавецот ја предвидел конкретната состојба предизвикана од самиот вработен – неоправданите отсуства од работа опишани во оспорените алинеи на членот од Законот. При ова, иако Законот за административни службеници не содржи посебна одредба за должноста од водење на евиденција за полното работно време, институциите согласно со член 4 став 5 од овој закон, се должни да ги применуваат општите прописи за работните односи и на соодветен начин да уредат и водат евиденција за присуството на работа на административните службеници, односно да го евидентираат секое присуство и отсуство од работа на вработените, па во оваа смисла нејасни се наводите од подносителот преку прашањата коишто ги поставува во однос на тоа како ќе се утврдело отсуството на административниот службеник и кој тоа ќе го утврди.

Понатаму, за подносителот на иницијативата не се јасни оспорените алинеи 7 и 10 содржани во член 98 став 5 од Законот, бидејќи Законот не давал одговор што се подразбира под неоправдано отсуство од работа, па во таа смисла според подносителот, оспорените алинеи на членот од Законот не се во согласност со уставното начело на владеење на правото.

Според Судот, употребената формулација „неоправдани", не може да ги доведе под уставно сомнение оспорените законски одредби, од причини што самиот збор јасно укажува дека станува збор за евидентирани повеќе отсуства од работа коишто административниот службеник, не ги оправдал, со што се сметаат за неоправдани, што неспорно упатува на нивна претходна утврденост како такви, во спротивно и не би се квалификувале како „неоправдани" отсуства. Воедно, неосновани се наводите од иницијативата дека административниот службеник нема можност да се произнесе за причините за наведените отсуства од работа, односно истите да ги оправда, од причини што работна должност и обврска на административниот службеник, утврдена со закон, е за своите отсуства од работа навремено да го извести претпоставениот во административната служба и истите да ги оправда, поради што, Судот, за неосновани ги смета наводите од иницијативата дека оспорениот член од Законот е нејасен и непрецизен, односно дека ја загрозува правната сигурност на граѓаните.

Неоправданото отсуство од работа е непочитување и кршење на работниот ред и дисциплина. Во конкретниот случај, законодавецот уредил дека само неоправданите отсуства од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец и неоправданите отсуства од работа најмалку пет работни дена во текот на една календарска година согласно со оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, повлекуваат престанок на работниот однос по сила на закон, додека за неоправдано отсуство од работа два работни дена во текот на една календарска година, административниот службеник сноси дисциплинска одговорност за дисциплинска неуредност со што согласно со член 74 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за административни службеници, може да му се изрече дисциплинска мерка писмена опомена или парична казна. Воедно, согласно со член 73 став 1 точка 10) од Законот за административни службеници, повторувањето на дисциплинската неуредност повеќе од два пати во тековната година, се смета за дисциплински престап, односно за потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на институцијата или угледот на административниот службеник, а според член 74 став 2 алинеи 1, 2 и 3 од Законот, со одлука за утврден дисциплински престап на административниот службеник може да му се изрече парична казна, распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, но и престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за административниот службеник кој го сторил престапот.

Во контекст на ова, право е на законодавецот со закон да ги уредува правата и обврските на вработените, но право е на законодавецот со закон да ги предвиди и одговорностите на административните службеници како и последиците со кои можат да се соочат во случај на кршење на обврските и работните должности предвидени со закон. Во конкретниот случај, како последица од неоправданото отсуства од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец и неоправданото отсуствува од работа најмалку пет работни дена во текот на една календарска година, законодавецот со оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот, предвидел престанок на работниот однос по сила на закон. Решението за престанок на работниот однос на административниот службеник според член 98 став 7 од Законот го донесува раководното лице на институцијата, против кое, согласно со член 98 став 10 од Законот, административниот службеник има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата, односно до надлежен орган согласно со овој закон. Според одредбите од член 19 од Законот за административни службеници, Комисијата одлучува по жалби и приговори на административните службеници во втор степен и истата се формира во рамките на Агенцијата. Комисијата одлучува во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата, доставена од првостепениот орган. Првостепениот орган е должен во прилог на жалбата, до Комисијата да ја достави потребната документација која е од битно значење за правилно решавање на предметот. Жалбата го одлага извршувањето на актот донесен од страна на првостепениот орган, а против одлуката на Комисијата незадоволниот административен службеник може да поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Оттука, неосновани се наводите од иницијативата дека оспорениот член од Законот создава арбитрарност во постапувањето и ја загрозува правната сигурност на граѓаните бидејќи на административниот службеник му

е обезбедено правно средство жалба пред надлежен орган, како и правно средство тужба пред надлежен суд, преку кои ќе може да го побива решението за престанок на работниот однос по сила на закон, односно да го докажува спротивното.

Понатаму, како причини за неуставноста на оспорениот член од Законот, подносителот изнесува свое видување дека оспорените алинеи 7 и 10 содржани во член 98 став 5 од Законот се погрешно сместени во одредбите на наведениот член од Законот, односно дека не им е местото во делот на одредбите за престанок на работниот однос по сила на закон, и дека законодавецот требало да ги уреди под други случаи коишто доведуваат до престанок на работниот однос на административниот службеник, како што било предвидено во претходниот Закон за државните службеници. Поврзано со ова, подносителот се повикува на Законот за административни службеници, конкретно на одредбите со кои се утврдени видовите на дисциплинска одговорност (дисциплинска неуредност и дисциплински престап), прашувајќи дали местото на оспорените алинеи 7 и 10, треба да биде токму во законската одредба од член 98 став 5 од Законот, којашто ги регулира ситуациите на престанок на работниот однос по сила на закон. Меѓутоа, од аспект на ваквите наводи не може да се разгледува согласноста на законските одредби со одредбите на Уставот. Во надлежност на законодавецот е да ги креира нормите во законите, а во надлежност на Уставниот суд, е да одлучува за согласноста на содржините на нормите креирани во законите со одредбите на Уставот.

Во иницијативата без никакви аргументи подносителот само ги цитира член 32 и член 34 на Уставот, а во отсуство на јасни причини за нивното наведување, Судот не може да се произнесе во однос на истите.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, пред Судот, не се постави прашањето за согласноста на оспорениот член 98 став 5 алинеи 7 и 10 од Законот за административни службеници со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

IV

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 137/2024
25 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**3696.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 50 и член 50-а од истиот Закон, согласно член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр. 02-4118/3 од 9.10.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 38-ма седница одржана на 9.10.2024 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на РМ“ бр.172/14), во понатамошниот текст: Правилникот.

Член 2

Во глава „I.ОПШТИ ОДРЕДБИ“, членот 1 од Правилникот, се менува и гласи:

„Член 1
**Предмет на Правилникот**

Сите даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно радиодифузери и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање - и физички лица (инфлуенсери/влогери/креатори) и правни лица, имаат обврска да ги заштитат малолетните лица од содржини – програми/видеа создадени од корисници/аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации, што можат сериозно да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, особено од содржини со порнографија[2] , детска порнографија[3] или прекумерно насилство[4] . Содржините со порнографија и прекумерно насилство може да се емитуваат/пренесуваат само во кодирана форма, а содржините со детска порнографија се целосно забранети.

Другите содржини – програми/видеа создадени од корисници што би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и/или на моралниот развој на малолетните лица мора да бидат соодветно означени. Дополнително, радиодифузерите мора и да ги емитуваат во соодветни временски периоди од деноноќието.

Со овој Правилник се определуваат начинот на категоризација на содржините, периодите на емитување на аудиовизуелните програми, облиците на акустично и визуелно предупредување, визуелните знаци, техничките мерки што треба да ги преземат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање за заштита на малолетните лица, како и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.“

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

[2] Порнографија за потребите на Правилникот за заштита на малолетните лица, се целини или делови од аудиовизуелен материјал прикажан со основна намера и функција да задоволи сексуална страст, преку описи, сцени и/или глетки на сексуализирана голотија, сексуални односи, мастурбација и/или на сексуална стимулација, кои не претставуваат неизоставен естетски, хуманистички или информативен елемент од контекст на уметнички обработена или на новинарски анализирана тема.

[3] Под детска порнографија се подразбира: „порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба“ (член 122 точка 24 од Кривичниот законик).

[4] „Прекумерно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците, се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство, кое е цел самото за себе, и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот ниту преку мотивите на драмското дејство на прикажаната програма“ (член 50 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Член 3

Во глава „I.ОПШТИ ОДРЕДБИ", членот 2 од Правилникот, се менува и гласи:

„ Член 2
**Поимник**

Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

- Малолетни лица се лицата на возраст под 18 години;

- Други содржини – програми/видеа создадени од корисници/комерцијални комуникации што би можеле да им наштетат на малолетните лица се аудиовизуелните целини или нивни составни делови што прикажуваат различен обем и интензитет на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристојни изрази и гестови, ризично поведение лесно за имитација, штетно за здравјето и опасно за безбедноста на единката и на заедницата, како и поведение навредливо за човековото достоинство, содржини и комерцијални комуникации за посебни игри на среќа и др.;

- Видео создадено од корисник е целина од подвижни слики со или без звук, без оглед на времетраењето, што претставува посебен елемент, создадено е од корисник и поставено на платформа за споделување видеа од тој или од друг корисник;

- Насилство е секое прикажување агресивно психофизичко поведение, закана или остварена намера, со или без оружје, да се застраши, да се понижи и/или да се (само)повреди единка, група или заедница. Притоа, може да станува збор за прикажување на веќе извршено насилство или на намера за извршување насилство, без оглед дали тоа насилство може или не може да предизвика повреда. Поимот  вклучува и какво било прикажување последици од физички повреди на некое живо суштество (или група живи суштества), иако чинот на насилство не е прикажан;

- Еротика е прикажување описи, сцени и/или глетки на сексуализирана голотија, без разлика на жанрот и на програмската функција на аудиовизуелниот материјал;

-Временски периоди се точно определени термини од радиодифузниот програмски сервис планиран за едно деноноќие, одредени за прикажување аудиовизуелен материјал категоризиран според возрасните групи на очекуваната публика;

- Програмски контекст ги опфаќа: жанрот на програмата; програмската функција (информативна, образовна или забавна); примарната целна група во потенцијалната публика; форматот на програмскиот сервис; временскиот период од програмата и редоследот на програмите во програмската шема за телевизиските програмски сервиси; распоред на програмите во каталогот според категоријата за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; степенот на штета што може да ја предизвика некоја програмска содржина; очекуваниот број и состав на потенцијалната публика и веројатните очекувања на публиката; степенот до кој се изнесуваат детали за содржината за која се информира потенцијалната публика; дополнителните ефекти што содржината може да ги предизвика кај гледачите, како и можноста да се изостават вознемирувачки детали со насилство и со еротика содржани во аудиовизуелен материјал планиран за прикажување при известување за теми важни за јавноста. Применливите аспекти од програмскиот контекст треба да се земат предвид и при организирање на видеата создадени од корисници."

Член 4

Во глава „I.ОПШТИ ОДРЕДБИ", по членот 2 од Правилникот, се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а
**Заштита на личните податоци на малолетните лица**

Личните податоци на малолетните лица собрани или на друг начин генерирани или стекнати од страна на давателите на медиумски услуги, при примената на мерките од овој Правилник не смеат да се обработуваат за комерцијални цели, како што се директен маркетинг, профилирање и анализа или бихејвиорално рекламирање."

Член 5

Насловот на главата II: „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА" се менува и гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА".

Член 6

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА" (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА"), зборовите „емитуваат во програми" од став 3 на членот 3 (Насилство) од Правилникот, се заменуваат со зборовите „прикажуваат во содржини".

Член 7

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА" (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА"), членот 4 од Правилникот (Употреба на дрога, психоактивни супстанци, цигари и алкохол), се менува и гласи:

„Член 4
**Употреба на дрога, психоактивни супстанци, цигари и алкохол**

Употребата на дрога, психоактивни супстанци, цигари, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол, не смее да се прикажува во аудиовизуелните содржини кои се првенствено наменети за малолетни лица.

Во аудиовизуелните содржини кои не се наменети за малолетни лица пак, не смее да се поддржува, поттикнува, охрабрува или велича употребата на дрога, психоактивни супстанци, цигари, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол, освен ако тоа не е оправдано преку контекстот на жанрот или преку мотивите на драмското дејствие во играната програма."

Член 8

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА" (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА"), став 1 од членот 5 од Правилникот (Еротика), се менува и гласи:

„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да водат сметка дека, иако во аудиовизуелните содржини до извесна граница е дозволено да се прикажува еротика, ваквите содржини, сепак можат да им нанесат штета на малолетните лица. Затоа категоризацијата на содржините со еротика мора да ја прават во согласност со описите на категориите програми утврдени во Правилникот."

Член 9

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“ (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“), членот 8 од Правилникот (Сугестибилни облици на однесување опасни за здравјето и безбедноста), се менува и гласи:

„Член 8

**Сугестибилни облици на однесување опасни за здравјето и безбедноста**

Поради заштита на малолетниците, прикажувањето содржини – програми/видеа создадени од корисници/комерцијални комуникации со описи, сцени и/или глетки со однесување опасно за здравјето и безбедноста, кое лесно може да се имитира, мора секогаш да биде оправдано во соодветниот контекст.“

Член 10

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“ (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“), членот 9 од Правилникот, се менува и гласи:

„Член 9

**Прикажување практики на окултизам и надрилекарство**

Содржините што прикажуваат практики на окултизам (каков било вид јасновидство – хиромантија, гатање, тарот, астрологија, спиритизам и слично) и на надрилекарство, мора да бидат означени како програма од петта категорија што не се препорачува за публика под 18 години, а радиодифузерите можат да ги емитуваат исклучиво во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Окултизмот и надрилекарството може да се прикажуваат исклучиво во недвојбен програмски контекст како забавна, информативна и/или образовна, хуманистички анализирана тема, а не смеат низ каков било вид интеракција да советуваат и/или да сугерираат промени на личното и/или на колективното поведение и на околностите на живеењето, кои се однесуваат на здравјето, финансиите, работата или на меѓучовечките односи.

Ограничувањето на периодот за емитување не се однесува на куси содржини со дневен хороскоп, класифицирани како - програма со забавна функција.“

Член 11

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“, (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“), членот 10 од Правилникот, се менува и гласи:

„Член 10

**Прикажување постапки за хипнотизирање**

Забрането е прикажување аудиовизуелен материјал што, било како целина, било во некои свои делови, специјализирано посредува детални постапки за хипнотизирање.

Хипнозата може да се прикажува исклучиво контекстуализирана како забавна, информативна и/или образовна, хуманистички анализирана тема.

Телевизиските програмски сервиси се должни пред почетокот и по паузите за рекламирање во ваквите програми, на екранот, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на соодветно место во каталогот, да објават предупредување дека програмата содржи постапки за хипнотизирање.“

Член 12

Во глава II „СОДРЖИНИ ШТО МОЖАТ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“, (чиј наслов согласно овие измени и дополнувања гласи: „ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА“), по членот 10 од Правилникот, се додаваат три нови члена 10-а, 10-б, и 10-в, кои гласат:

„Член 10-а

**Содржини со совети за посебни игри на среќа**

Специјализираните информативни емисии и спортски магазини, како и видеата создадени од корисници со совети за посебни игри на среќа (игри на среќа во казино, игри на среќа во обложувалница, игри на среќа во автомат клуб[5]) како целини или делови од аудиовизуелни целини со информативна и/или со забавна медиумска функција што на публиката директно ѝ сугерираат можности за влог во посебните игри на среќа со финансиски ризик, радиодифузерите може да ги емитуваат исклучиво во периодот од 00:00 до 05:00 часот, соодветно означени со предупредувачката сигнализација за програма од петтата категорија.

Означувањето со предупредувачка сигнализација за програма од петтата категорија е задолжително и за овој вид програмска понуда кај давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Член 10-б

**Комерцијални комуникации за посебни игри на среќа**

Аудиовизуелните комерцијални комуникации за посебни игри на среќа треба јасно и видливо да се означат со предупредувачка сигнализација за петтата категорија програма, но можат да се прикажуваат во текот на целото програмско денонокие на радиодифузерите, освен во емисиите со информативна, забавна и со образовна програмска функција примарно наменети за деца.

Означувањето со предупредувачка сигнализација за програма од петтата категорија е задолжително и за аудиовизуелните комерцијални комуникации за посебни игри на среќа кај давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Член 10-в

**Формат на „реалистична“ програма[6]**

Бидејќи прикажува сиров аудиовизуелен материјал со минимална или со вешто прикриена уредничка интервенција, кој во одредени случаи е и хибрид од документирано и режирано, со примарен мотив да регистрира ситуации во кои поведението на случајни или на селектирани учесници е непредвидливо, содржините кои

[5]Според Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22),

[6]Детално опишан во точката 16.11. од „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми“.

припаѓаат на форматот „реалистична“ програма мора внимателно да се категоризираат во согласност со програмскиот контекст, со критериумите за класификација и со описите на категориите програми, особено ако се составени од описи, сцени и/или од глетки што прикажуваат насилство и еротика.“

Член 13

Во глава IV „АКУСТИЧНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ВИЗУЕЛНИ ЗНАЦИ – ПРЕДУПРЕДУВАЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА“, членот 19 од Правилникот, се менува и гласи:

„Член 19

**Содржини во кои се аплицира предупредувачка сигнализација**

Предупредувачката сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите/видеата создадени од корисници достапни во каталозите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, и тоа:

- во сите видови играна програма, и
- во оние видови програми/видеа создадени од корисници со информативна, образовна или забавна функција кои, било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Аудиовизуелните медиумски услуги по барање треба да ги означат содржините од ставот 1 на овој член и за време на нивното прикажување, соодветно на техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.“

Член 14

Во глава IV „АКУСТИЧНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ВИЗУЕЛНИ ЗНАЦИ – ПРЕДУПРЕДУВАЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА“, во членот 20 од Правилникот, се вршат следните измени и дополнувања:

- во ставот 2, зборовите „хипнотички техники“ се заменуваат со зборовите „постапки за хипнотизирање“.
- ставот 3 се менува и гласи: „Во каталозите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, на соодветно место до програмите/видеата опфатени со член 19 од овој Правилник, задолжително се аплицира само визуелниот знак што соодветствува на категоријата програма, а за време на нивното прикажување се означуваат со визуелен знак, вербално или на друг соодветен начин во зависност од техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.“
- по ставот 3, се додава нов став 4 кој гласи: „Соодветно предупредување треба да се прочита и пред почетокот на радиопрограма што, според програмскиот контекст и критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, е потенцијално штетна за малолетната публика.“

Член 15

Во глава IV „АКУСТИЧНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ВИЗУЕЛНИ ЗНАЦИ – ПРЕДУПРЕДУВАЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА“, во членот 21 од Правилникот, во табеларниот преглед, се вршат следните измени:

- во колоната „Визуелни знаци“, во претпоследниот ред од колоната, зборовите „хипнотички техники“ се заменуваат со зборовите „постапки за хипнотизирање“ и
- во колоната „Предупредувачки сигнали“, во претпоследниот ред од колоната, зборовите „хипнотички техники“ се заменуваат со зборовите „постапки за хипнотизирање“.

Член 16

Во глава VI „ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ“, членот 27 од Правилникот се менува и гласи:

„Член 27

**Промотивни најави за содржините**

Промотивните најави за содржините на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање не смеат да содржат описи, сцени и/или глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица.

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да ги означат промотивните најави за содржините што можат штетно да влијаат врз развојот на малолетните лица со визуелен знак, вербално или на друг соодветен начин во зависност од техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.

Информациите за петтата категорија програми/видеа можат да се презентираат само како дел од услуга која е достапна за плаќање, без оглед дали се работи за услуга со претплата или со плаќање по секое поединечно гледање.“

Член 17

Во останатиот дел Правилникот за заштита на малолетните лица, не се менува.

Член 18

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на РМ“ бр.172/14), влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија, а истиот ќе се објави и на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-4198/1<br>9 октомври 2024 година<br>Скопје | Агенција за аудио и аудиовизулени медиумски услуги,<br>Заменик на претседателот на Советот<br>**Селвер Ајдини,** с.р. |

___

Në pajtim me nenin 18, paragrafi (1,) nënparagrafi 8, dhe nenin 20, paragrafi (1), nënparagrafi[1] 11 të Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 dhe 27/19 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 dhe 193/24), dhe në lidhje me nenin 50 dhe nenin 50-a të këtij ligji, në pajtim me nenin 15, paragrafi (1), nënparagrafi 7, dhe nenin 39, paragrafi (1), nënparagrafi 11 të Rregullores së Punës së Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale (Tekst i konsoliduar) nr.01-3732/1 datë 29.7.2019 dhe Konkluzionin e Këshillit të Agjencisë ark.nr.02-4118/3 datë 9.10. 2024, Këshilli i Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale, në seancën e 38-të mbajtur më 9.10. 2024 miratoi

**R E G U L L O R E**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E RREGULLORES PËR MBROJTJEN E TË MITURVE**

Neni 1

Me këtë rregullore kryhet ndryshimi dhe plotësimi i Rregullores për mbrojtjen e të miturve (Gazeta Zyrtare e RM-së nr.172/14), në tekstin e mëtejmë: Rregulloren.

Neni 2

Në kreun "I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME", neni 1 i rregullores ndryshohet si vijon:

"Neni 1
**Lënda e Rregullores**

Të gjithë ofruesit e shërbimeve mediatike audio dhe audiovizuale, përkatësisht transmetuesit dhe ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë - dhe personat fizikë (ndikues/vlogger/krijues) dhe personat juridikë, kanë detyrimin të mbrojnë të miturit nga përmbajtje – programe/video të krijuara nga shfrytëzuesit/audio dhe komunikime komerciale audiovizuale,të cilat mund të dëmtojnë seriozisht zhvillimin e tyre fizik, mendor ose moral, veçanërisht nga përmbajtjet pornografike[2], pornografi për fëmijë[3] ose dhunë e tepruar[4]. Përmbajtja me pornografi dhe dhunë të tepruar mund të transmetohet/bartet vetëm në formë të koduar, ndërsa përmbajtja me pornografi për fëmijë është plotësisht e ndaluar.

Përmbajtje të tjera – programet/videot e krijuara nga shfrytëzuesit që mund të dëmtojnë zhvillimin fizik, mendor dhe/ose moral të të miturve duhet të kenë shenjën adekuate. Përveç kësaj, transmetuesit duhet t'i transmetojnë në periudhë kohore të përshtatshme gjatë ditë-natës.

Kjo rregullore përcakton mënyrën e kategorizimit të përmbajtjeve, periudhat e transmetimit të programeve audiovizuale, format e paralajmërimit akustik dhe vizual, shenjat vizuale, masat teknike që duhet të ndërmerren nga ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë për mbrojtjen e të miturve, si dhe mënyrën e veprimit të ofruesve të shërbimeve mediatike audiovizuale".

Neni 3

Në kreun "I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME", neni 2 i rregullores ndryshohet si vijon:

"Neni 2
**Fjalorth**

Shprehjet e veçanta të përdorura në këtë Rregullore kanë kuptimin e mëposhtëm:

-Të mitur janë personat nën moshën 18 vjeç;

-Përmbajtje të tjera – programe/video të krijuara nga shfrytëzues/komunikimet komerciale që mund të dëmtojnë të miturit janë njësitë audiovizuale ose pjesët përbërëse të tyre që përshkruajnë shkallë me intensitet të ndryshëm të dhunës, erotizëm, sjellje seksuale të ndaluara me ligj, shprehje dhe gjeste të turpshme, sjellje të ndryshme që janë të lehta për t'u imituar, të dëmshme për shëndetin dhe të rrezikshme për sigurinë e individit dhe komunitetit, si dhe sjellje fyese për dinjitetin njerëzor, përmbajtje dhe komunikime komerciale për lojëra të veçanta të fatit etj.;

-Video e krijuar nga përdorues(shfrytëzues) është tërësi imazhesh lëvizëse me ose pa zë, pavarësisht nga kohëzgjatja, e cila është element i veçantë, i krijuar nga përdorues dhe i vendosur në platformë për ndarjen e videos nga vetë përdoruesi ose nga një përdorues tjetër;

-Dhuna është çdo shfaqje e sjelljes psikofizike agresive, kërcënim ose qëllim i realizuar, me ose pa armë, për të frikësuar, poshtëruar dhe/ose (vetë) lënduar një individ, grup ose komunitet. Në këtë rast, mund të bëhet fjalë për shfaqjen e dhunës që tashmë është kryer ose për qëllimin e ushtrimit të dhunë, pavarësisht nëse ajo dhunë mund ose nuk mund të shkaktojë lëndim. Termi përfshin gjithashtu dhe çdo përshkrim të pasojave të dëmtimit fizik të ndonjë qenieje të gjallë (ose grupi qeniesh të gjalla), edhe pse akti i dhunës nuk është paraqitur;

-Erotika është paraqitja e përshkrimeve, skenave dhe/ose pamjeve të lakuriqësisë së seksualizuar, pavarësisht nga zhanri dhe funksioni programor i materialit audiovizual;

-Periudhat kohore janë terma të përcaktuara saktësisht të shërbimit programor të transmetimit të planifikuar për një ditë-natë, të përcaktuara për shfaqjen e materialit audiovizual të kategorizuar sipas grupmoshave të (publikut)audiencës së pritur;

-Konteksti i programit përfshin: zhanrin e programit; funksioni i programit (informativ,

3 Pornografia e fëmijëve nënkupton: „material pornografik që përshkruan vizualisht akte të qarta seksuale me të mitur ose një të rritur që duket si i mitur, ose tregohet i mitur ose personi i rritur që duket si i mitur në një pozicion të dukshëm seksual, ose fotografi reale që tregojnë qartë aktin seksual me të mitur ose e paraqet të miturin ose personin e moshuar që duket si i mitur në pozicion seksual të dukshëm" (neni 122 pika 24 të Kodit Penal).

4 „Dhunë e tepruar është shpërndarja e mesazheve tekstuale, verbale dhe vizuale që në terma programorë të aksesueshme për të miturit, lavdërojnë forma fizike, verbale ose psikologjike të sadizmit ose lloje të ngjajshme të dhunës, që është qëllim në vetvete, dhe në asnjë mënyrë nuk mundet të justifikohet as përmes kontekstit të zhanrit as përmes motiveve të veprimit dramatik të programit të shfaqur" (neni 50 paragrafi (2) të Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale).

edukative ose argëtuese); grupi kryesor i synuar në audiencën e mundshme; formati i shërbimit programor; periudhën kohore të programit dhe renditjen e programeve në skemën programore për shërbimet programore televizive; renditja e programeve në katalog sipas kategorive për ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë; shkallën e dëmtimit që mund të shkaktojë çdo përmbajtje programore; numrin dhe përbërjen e pritur të audiencës potenciale dhe pritshmëritë e mundshme të audiencës(publikut); shkallën në të cilën jepen detaje për përmbajtjen për të cilën është informuar audienca e mundshme; efektet shtesë që përmbajtja mund të shkaktojë tek shikuesit, si dhe mundësia e mospërfshirjes së detajeve shqetësuese me dhunë dhe erotizëm të përfshira në materialin audioviziv që planifikohet të shfaqet kur raportohet për tema me rëndësi publike. Aspektet e aplikueshme të kontekstit programor, gjithashtu duhet të merren parasysh dhe gjatë organizimit të videove të krijuara nga përdoruesit."

Neni 4

Në kreun "I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME", pas nenit 2 të rregullores, shtohet neni i ri 2-a, siç vijon:

"Neni 2-a
**Mbrojtja e të dhënave personale të të miturve**

Të dhënat personale të të miturve të mbledhura ose në mënyrë tjetër të krijuara ose të marra nga ofruesit e shërbimeve mediatike, gjatë zbatimit të masave të kësaj

---

[1] Paragrafet 8 dhe 9 fshihen, shih: nenin 8 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.248/18).

[2] Pornografia për nevojat e Rregullores për mbrojtjen e të miturve, janë tërësi ose pjesë e materialit audiovizual të shfaqur me qëllim bazë dhe funksion të kënaqjes së dëshirës seksuale, nëpërmjet përshkrimeve, skenave dhe/ose pamjeve të pornografis seksuale, marrëdhënieve seksuale, masturbimit dhe/ose stimulimit seksual, që nuk përfaqësojnë element thelbësor estetik, humanist ose informues në kontekst të temës së përpunuar artistikisht ose të temës së analizuar gazetareske.

[3] Pornografia e fëmijëve nënkupton: „material pornografik që përshkruan vizualisht akte të qarta seksuale me të mitur ose një të rritur që duket si i mitur, ose tregohet i mitur ose personi i rritur që duket si i mitur në një pozicion të dukshëm seksual, ose fotografi reale që tregojnë qartë aktin seksual me të mitur ose e paraqet të miturin ose personin e moshuar që duket si i mitur në pozicion seksual të dukshëm" (neni 122 pika 24 të Kodit Penal).

[4] „Dhunë e tepruar është shpërndarja e mesazheve tekstuale, verbale dhe vizuale që në terma programorë të aksesueshme për të miturit, lavdërojnë forma fizike, verbale ose psikologjike të sadizmit ose lloje të ngjajshme të dhunës, që është qëllim në vetvete, dhe në asnjë mënyrë nuk mundet të justifikohet as përmes kontekstit të zhanrit as përmes motiveve të veprimit dramatik të programit të shfaqur" (neni 50 paragrafi (2) të Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale).

rregulloreje, nuk mund të përpunohen për qëllime komerciale, siç janë marketingu i drejtpërdrejtë, profilizimi dhe analiza ose reklamimi i mendimit.

Neni 5

Titulli i Kreut II: "PERMBAJTJE QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT" ndryshohet si vijon: "PERMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT".

Neni 6

Në kreun II "PERMBAJTJA QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MINITURIT" (titulli i të cilit në pajtim me ndryshimet bëhet: "PERMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT"), fjalët "transmetohen në programe" sipas paragrafit (3) të nenit 3 (Dhuna) në rregullore, zëvendësohen me fjalët "shfaqet në përmbajtje".

Neni 7

Në kreun II „PËRMBAJTJE QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT“ (titulli i të cilit në pajtim me këto ndryshime dhe plotësime bëhet: „PËRMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT“), neni 4 i rregullores (Përdorimi i drogës, supstancave psikoaktive, cigareve dhe alkoolit), ndryshohet si vijon:

„Neni 4

**Përdorimi i drogës, substancave psikoaktive, cigareve dhe alkoolit**

Përdorimi i drogës, substancave psikoaktive, cigareve, cigareve elektronike dhe suplimenteve të tyre, si dhe alkoolit, nuk duhet të shfaqen në përmbajtje audiovizuale që janë të destinuara kryesisht për të mitur.

Përmbajtjet audiovizuale që nuk janë të destinuar për të mitur nuk duhet të mbështesin, nxisin, inkurajojë ose lavdërojë përdorimin e drogës, substancave psikoaktive, cigareve, cigareve elektronike dhe suplementeve të tyre, si dhe alkoolit, përveç rasteve kur kjo justifikohet nëpërmjet kontekstit të zhanrit ose përmes motiveve të veprimit dramatik në programin artistik”.

Neni 8

Në kreun II “PERMBAJTJA QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT” (titulli i të cilit, në pajtim me ndryshimet dhe plotësimet, bëhet: “PERMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT”), paragrafi (1) i nenit 5 të rregullores (Erotika), është ndryshuar si vijon:

“Ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale janë të detyruar të kenë parasysh se edhe pse në përmbajtjet audiovizuale deri në kufi të caktuar lejohet të shfaqet, përmbajtje të tilla mund të shkaktojë dëme për të miturit. Prandaj kategorizimi i përmbajtjes erotike duhet të bëhet në pajtim me përshkrimet e kategorive të programeve të përcaktuara në rregullore”.

Neni 9

Në kreun II "PERMBAJTJA QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MINITURIT" (titulli i të cilit në pajtim me ndryshimet bëhet: "PERMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT"), neni 8 i Rregullores (Format sugjeruese të sjelljes së rrezikshme për shëndetin dhe sigurinë), është ndryshuar si vijon:

„Neni 8

**Modele sugjestive të sjelljes të rrezikshme për shëndetin dhe sigurinë**

Për shkak të mbrojtjes së të miturve, shfaqja e përmbajtjes – programeve/videove të krijuara nga përdoruesit/komunikimeve komerciale me përshkrime, skena dhe/ose pamje sjelljesh të rrezikshme për shëndetin dhe sigurinë, të cilat mund të imitohen lehtësisht, duhet gjithmonë të arsyetohet në kontekstin e duhur.”

Neni 10

Në kreun II „СPËRMBAJTJE QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT“ (titulli i të cilit në pajtim me ndryshimet dhe plotësimet bëhet: „ДPËRMBAJTJE TË TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT“), neni 9 i rregullores, është ndryshuar si vijon:

„Neni 9

**Shfaqja e praktikave të okultizmit dhe pa recetë**

Përmbajtja që përshkruan praktika të okulitizmit (çdo lloj magjie, fallzhor) - palmistikë, hamendje, tarot, astrologji, spiritualizëm, etj.) dhe pa përgatitje profesionale duhet të shënohen si programe të kategorisë së pestë që nuk rekomandohen për publikun nën 18 vjeç, dhe transmetuesit mund t'i transmetojnë ekskluzivisht në periudhën nga ora 00:00 deri në orën 05:00.

Okultizmi dhe pa përgatitja profesinale mund të paraqiten ekskluzivisht në kontekst programor jo të dyfishtë si temë argëtuese, informuese dhe/ose edukative, temë humaniste e analizuar, dhe nuk mund nëpërmjet asnjë lloj ndërveprimi të këshillojnë dhe/ose të sugjerojë ndryshime në sjelljen personale dhe/ose kolektive dhe rrethanave të jetesës, që kanë të bëjnë me shëndetin, financat, punën ose në marrëdhëniet ndërpersonale.

Kufizimi i periudhës së transmetimit nuk vlen për përmbajtjet e shkurtra me horoskop ditor, të klasifikuar si - program me funksion argëtimi”.

Neni 11

Në kreun II “PERMBAJTJA QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT”, (titulli i të cilit, në pajtim me ndryshimet dhe plotësimet, bëhet: “PERMBAJTJE TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT”), neni 10 i rregullores ndryshohet si vijon:

„Neni 10

**Demonstrimi i procedurave hipnotizuese**

Ndalohet prezantimi i materialit audiovizual që, në tërësi ose në disa pjesë të tij, është i specializuar në procedurat e detajuara hipnotizuese.

Hipnoza mund të paraqitet ekskluzivisht e kontekstualizuar si temë argëtuese, informuese dhe/ose edukative, e analizuar në mënyrë humaniste.

Shërbimet programore televizive janë të detyruara që para fillimit dhe pas pushimeve reklamuese në programe të tilla, në ekran, dhe ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë, në vend të përshtatshëm në katalog, të publikojnë paralajmërim se programi përmban procedura hipnotizuese".

Neni 12

Në kreun II “PËRMBAJTJA QË MUND TË NDIKOJNË DËMSHËM MBI TË MITURIT”, (titulli i të cilit sipas këtyre ndryshimeve dhe plotësimeve bëhet: “PERMBAJTJE TJERA QË MUND TË DËMTOJNË TË MITURIT”), pas nenit 10 të rregullores, shtohen tre nene të reja 10-a, 10- b, dhe 10-c, si vijon:

„Neni 10-a

**Përmbajtja me këshilla për lojëra të veçanta fati**

Emisione të specializuara të lajmeve dhe revista sportive, si dhe video të krijuara nga përdoruesit, me këshilla për lojëra fati të veçanta (lojëra fati në kazino, lojëra fati në bastore, lojëra fati në automat[5]) si tërësi ose pjesë të njësive audiovizuale me funksion informativ dhe /ose me veçori mediatike argëtuese që publikut drejtpërdrejtë i sugjeron mundësi për të vënë baste në lojëra të veçanta fati me rrezik financiar, transmetuesit mund t'i transmetojnë ekskluzivisht në periudhën nga ora 00:00 deri në orën 05:00, të shënuar me sinjalin paralajmërues si program i kategorisë së pestë.

Shënimi me sinjal paralajmërues për program të kategorisë së pestë është gjithashtu i detyrueshëm dhe për këtë lloj oferte programore tek ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë.

Neni 10-b

**Komunikimet komerciale për lojëra të veçanta fati**

Komunikimet komerciale audiovizuale për lojëra të veçanta të fatit duhetqartë dhe dukshëm të shënohen me sinjal paralajmërues për kategorinë e pestë të programit, por mund të shfaqen gjatë gjithë ditë-natës së programimit të transmetuesit, me përjashtim të emisioneve me funksion programor informativ, argëtues dhe edukativ të destinuar kryesisht për fëmijë.

Shënimi me sinjal paralajmërues për program të kategorisë së pestë është gjithashtu i detyrueshëm për komunikimet komerciale audiovizuale për lojërat e veçanta të fatit nga ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë.

Neni 10-v

**Formati i programit "realist".[6]**

Duke qenë se paraqet material të papërpunuar audiovizual me ndërhyrje editoriale minimale ose të maskuar me mjeshtëri, që në raste të caktuara është hibrid i dokumentuar dhe i rigjuar, me motivin parësor regjistrimin e situatave në të cilat sjellja e pjesëmarrësve të rastësishëm ose të përzgjedhur është e paparashikueshme, përmbajtjet që i përkasin formati programet "realiste" duhet me kujdes të kategorizohen në pajtim me kontekstin e programit, me kriteret e klasifikimit dhe me përshkrimet e kategorive të programit, veçanërisht nëse ato përbëhen nga përshkrime, skena dhe/ose pamje që paraqesin dhunë dhe erotizëm.

Neni 13

Në kreun IV "PARALAJMËRIMI AKUSTIK DHE SHENJAT PARALAJMËRUESE-SINJALET PARALAJMËRUESE" neni 19 i rregullores ndryshohet si vijon:

"Neni 19

**Përmbajtja në të cilën aplikohen sinjalet paralajmëruese**

Sinjali paralajmërues detyrimisht aplikohen para fillimit dhe gjatë transmetimit të programeve të shërbimeve programore televizive dhe në vend të përshtatshëm pranë programeve/videove të krijuara nga përdoruesit e disponueshëm në katalogët e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë, përkatësisht:

- në të gjitha llojet e programeve artistike, dhe

- në ato lloje programesh/video të krijuara nga përdorues me funksion informues, edukues ose argëtues, të cilat në tërësi ose nëpërmjet pjesëve të tyre, mund të kenë ndikim të dëmshëm për të miturit.

Shërbimet mediatike audiovizuale sipas kërkesës duhet të shënojnë përmbajtjet sipas paragrafit (1) të këtij neni dhe gjatë shfaqjes së tyre, në përputhje me kushtet teknike të platformave të shëmbimit të videove/rrjeteve sociale."

Neni 14

Në kreun IV "PARALAJMËRIMI AKUSTIK DHE SHËNJAT PARALAJMËRUESE – SINJALET PARALAJMËRUESE", në nenin 20 të rregullores, kryhen ndryshimet dhe plotësimet në vijim:

- në paragrafin (2), fjalët "teknika hipnotike" zëvendësohen me fjalët "procedura hipnotizuese".

- pika 3 ndryshohet dhe bëhet: "Në katalogët e shërbimeve mediatike audiovizive me kërkesë, në vendin e duhur pranë programeve/videove të parashikuara në nenin 19 të kësaj rregulloreje, detyrimisht duhet të vendoset vetëm shenja vizuale që i përgjigjet kategorisë së programit dhe gjatë shfaqjes së tyre shënohen me shenjë vizuale, verbalisht ose në mënyrë tjetër të përshtatshme, në varësi të kushteve teknike të platformave të ndarjes së videove/rrjeteve sociale."

- pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4), i cili bëhet: "Paralajmërimi i duhur duhet të lexohet dhe para fillimit të programit në radio që sipas kontekstit programor dhe kritereve të Rregullores për mbrojtjen e të miturve, është potencialisht e dëmshme për publikun e mitur."

Neni 15

Në kreun IV "PARALAJMËRIM AKUSTIK DHE SHENJAT VIZUALE-SINJALISTIKA PARALAJMËRUESE" në nenin 21 të rregullores, në pasqyrën tabelare, bëhen ndryshimet në vijim:

- në kolonën "Shenjat vizuale", në rreshtin e parafundit të kolonës, fjalët "teknika hipnotike" zëvendësohen me fjalët "procedurat hipnotizuese" dhe

- në kolonën "Sinjalet paralajmëruese", në rreshtin e parafundit të kolonës, fjalët "teknika hipnotike" zëvendësohen me fjalët "procedura hipnotizuese".

Neni 16

Në kreun VI "DETYRIMET E VEÇANTA PËR SHËRBIMET MEDIATIKE AUDIOVIZUALE ME KËRKESË", neni 27 i rregullores ndryshohet si vijon:

„Neni 27

**Njoftimet promovuese për përmbajtjen**

Njoftimet promovuese për përmbajtjen e ofruesve të shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë nuk duhet të përmbajnë përshkrime, skena dhe/ose pamje që mund të dëmtojnë të miturit.

Ofruesit e shërbimeve mediatike audiovizuale me kërkesë, janë të detyruar t'i shënojnë njoftimet promocionale për përmbajtjet që mund të ndikojnë negativisht në zhvillimin e të miturve me shenjë vizuale, verbalisht ose në një mënyrë tjetër të përshtatshme në varësi të kushteve teknike të platformave për ndarjen e videos/rrjeteve sociale.

Informacioni në lidhje me kategorinë e pestë të programeve/videove mund të paraqitet vetëm si pjesë e shërbimit që është i disponueshëm për pagesë, pavarësisht nëse bëhet fjalë për shërbim abonimi apo me pagesë për çdo shikim në veçanti."

Neni 17

Pjesa tjetër e rregullores për mbrojtjen e të miturve nuk është ndryshuar.

---

5 Sipas Ligjit të Lojërave të Fatit dhe të Lojërave Argëtuese (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 dhe 178/16 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.251/22),

6 Përshkruar detajisht në pikën 16.11. të „Udhëzimit për mënyrën e klasifikimit të llojeve të programeve audio dhe audiovizuale".

Neni 18

Kjo rregullore për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores për Mbrojtjen e të Miturve (Gazeta Zyrtare e RM-së nr. 172/14), hyn në fuqi ditën e nesërme nga publikimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut , dhe do të publikohet në ueb-faqen e Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale.

PA1 Nr. 01-4198/1
9.10.2024
Скопје

Agjencia e Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale,
Zëvendëskryetari i Këshillit,
**Selver Ajdini** d.v.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3697.**

